MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 03 - 962/1
10-02-2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

# НАСОКИ ЗА ИНТИГРИТЕТ И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Со овие насоки се утврдуваат принципите, вредностите како и нормите на однесување на вработените во Државната комисија за спречување на корупцијата со цел воспоставување и промоција на етичка култура, професионален пристап во работата како помеѓу вработените така и кон сите засегнати страни.

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија) како главен промотор на еднаквоста, законитоста, интегритетот, транспарентноста и отчетноста во функционирањето на јавните институции и органи преку воведувањето и воспоставувањето на стандарди со примена на професионален пристап во своето работење ќе придонесе за ефикасно и професионално исполнување на целите за заштита на јавниот интерес и јавните добра и промоција на доброто владеење и управување.

## ПРИМЕНА НА НАСОКИТЕ ЗА ИНТИГРИТЕТ И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Овие насоки се применуваат во работењето и однесувањето на претседателот, членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата и административните службеници вработени во Секретаријатот на Државната комисија.

Овие насоки се употребуваат во меѓусебната комуникација и однос меѓу сите вработени во Државната комисија како и во комуникацијата со надворешни лица и национални и меѓународни институции и организации со кои Државната комисија соработува во своето работење.

## ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Секој вработен во Државната комисија е креатор на работната атмосфера во институцијата. Искрениот и коректниот однос на работното место е нешто што секој вработен го должи на своите колеги и на институцијата како целина и е предуслов за успешна соработка, тимска работа и помагање, меѓусебно почитување, толеранција, отворена комуникација, креирање на позитивна атмосфера, уважување на друго мислење, грижа за работната околина и вработените.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Со сопствениот пример, личниот изглед и однесувањето, секој вработен придонесува кон градење на коректен однос, истакнувајќи дека преку соработката, меѓусебната почит и доверба ќе придонесе за градење на успешна институција и чувство на припадност кон истата.

Однесувањето на вработените и нивните меѓусебни односи треба да се темелат и градат врз основа на почитување и промоција на утврдените принципи и вредности во насока на остварување на заедничкиот и јавниот интерес и стекнување на доверба на сите засегнати страни.

Во Државната комисија се идентификувани следните посакувани етички принципи и вредности:

- Професионалност;
- Доверба и доверливост;
- Интегритет;
- Недискриминација;
- Лојалност;
- Транспарентност;
- Искреност, позитивност и чесност и
- Единство и соработка.

### 1. Професионалност

Вработените во Државната комисија доверените работни задачи и обврски ги извршуваат професионално со почитување на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори како и со доследно почитување на внатрешните процедури утврдени со интерни акти на Државната комисија.

### 2. Доверба и доверливост

Вработените во Државната комисија воспоставуваат односи базирани на меѓусебна доверба и взаемно почитување притоа водејќи сметка за хиерархиската поставеност како и меѓусебните разлики. Воедно, стекнатите информации кои произлегуваат од работата во Државната комисија се должни да ги чуваат и да се грижат на начин што нема да ги откриваат на надворешни лица освен ако не постои правна или професионална обврска за тоа.

3. **Интегритет**

Вработените во Државната комисија се обврзани совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно да ја извршуваат својата функција и работните задачи. Главен императив им е почитување и заштита на јавниот интерес, не поткленкнување на надворешни влијанија и притисоци, не водејќи се од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси што ќе придонесе за професионално и објективно извршување на работните задачи и обврски.

4. **Недискриминација**

Грижа и негување на различности по било кој основ (пол, возраст, статус, етничка и верска припадност и др.) е темел за успешно функционирање на институцијата. Градењето односи на меѓусебно почитување на различностите се постигнува преку прифаќање, доверба и почитување, создавајќи атмосфера на единственост и еднаквост. Недозволиво и недопуштено е однесување кое доведува до дискриминација по било кој основ.

5. **Лојалност**

Грижа за институцијата, за нејзината успешност и позиционираност во правниот и општествениот систем е обврска на секој вработен во Државната комисија. Професионалните знаења и вештини, стекнатите искуства во работењето е потребно да се споделуваат во насока на исполнување на целите на институцијата. Секој успех на Државната комисија е личен успех на секој вработен, а секој неуспех е личен неуспех. Мото на секој вработен е: ***„Кога велам Јас всушност мислам на Ние, кога велам Ние мислам на Нас."***

6. **Транспарентност**

Државната комисија работи на принципот на отвореност и достапност на информациите водејќи сметка за јавниот интерес како и заштита на човековите права и слободи. Поради тоа Државната комисија редовно ја известува јавноста за своето постапување и работа.

7. **Искреност, позитивност и чесност**

Со искрен и позитивен пристап и чесни намери ќе се бориме за поголеми успеси во работењето.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

8. **Единство и соработка**

Градењето на заеднички ставови се базира на принципот на единство и соработка со уважување на различните мислења и идеи, како и стремење за постигање на консензус во процесот на донесување на одлуките. Стручноста и искуството е мост меѓу различностите.

Однесувањата кои ќе бидат спротивни на горенаведените принципи и вредности и кои ќе придонесат кон нарушување на работната атмосфера и организациската култура ќе бидат детектирани како непосакувани и соодветно санкционирани.

## ЕТИЧКИ ОДБОР

За почитување на заедничките принципи и вредности се грижи Етички одбор на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Формирањето и работата на Етичкиот одбор се уредува со Правилник на Етичкиот одбор.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk